Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

# Годишен извештај за 2025 година

Иницијатива за
ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

http://www.iep.mk/

https://www.facebook.com/iepmkd

contact@iep.mk

Здружението на граѓани Иницијатива за европска перспектива (ИЕП) е граѓанска организација насочена кон развој на демократија во општеството, заштита на човековите слободи и права, борба против сите форми на дискриминација, нечовечко и понижувачко однесување, како и поттикнување на граѓаните да станат поактивни учесници во развојот на демократијата на локално и национално ниво.

## Визија

Визијата на организацијата е мир, стабилност и хармонија во земјата со активно учество на Граѓанинот во процесите на одлучување на локално и национално ниво.

## Мисија

Посветеност во развојот, едукација на граѓаните, нивната информираност, заштита на основните човекови слободи и права, како и изнаоѓање решенија во соработка со јавниот и деловниот сектор за подобрување на положбата и благосостојбата на луѓето.

## Проект: Тренинг Академија за новинари и медиумски работници – T-AJM

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет:** 387.825,17 евра

**Име на апликант и ко-апликант:** Здружение на новинари на Македонија – ЗНМ, Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, Европска федерација на новинари - ЕФЈ

**Општа цел:** Општа цел на овој проект е да придонесе кон промовирање на средина за слободно изразување и професионален развој на младите новинари и медиумите.

**Специфична цел:** Зајакнување на интегритетот на медиумите и поддршка на младите новинари да се почитуваат стандардите за квалитет на новинарството, како и да се адресираат прашањата поврзани со закани и насилство врз новинарите, нивната безбедност, со истовремено промовирање на слободата на изразување која ќе овозможи социјален развој и ќе придонесе кон процесот на пристапување кон ЕУ

**Таргет групи:** Млади новинари, медиумски работници, медиумски граѓански организации, организации на новинари**.**

**Времетраење:** февруари 2023 – јануари 2026

Активностите на овој проект се насочени кон  зајакнување на интегритетот на медиумите, давање поддршка на младите новинари и медиумски работници со истовремено промовирање на слободата на изразување која ќе овозможи социјален развој и придонесе кон процесот на пристапување кон Европската Унија.

При крајот на 2024 година беше изработен вториот (од вкупно три) документи за јавни политики на тема "Одговорно користење на вештачката интелигенција во новинарството", чија цел е да обезбеди преглед на актуелните предизвици и можности што ги носи ВИ во новинарството, да предложи конкретни насоки за употреба на ВИ во новинарската практика и да даде препораки за различните чинители во медиумската сфера.

Документот е достапен на следниов линк

Исто така беше изработен и првиот извештај (од вкупно 2) поврзан со напредокот на земјата во процесот на пристапување кон Европската Унија кои се следат во Кластер 1 – Темелни вредности, со фокус на владеењето на правото и слободата на изразување, вклучително медиумските права и слободи и безбедноста на новинарите и медиумските работници.

Извештајот за 2024 можете да го прочитате на следниов линк

Двата документи беа презентирани пред новинари, уредници, медиумски работници и претставници на граѓански организации на посебен форум кој се одржа во х.Панорамика во месец февруари 2025г.





Во текот на 2025 година се изработи и последниот (од вкупно три) документ за политики на тема „Компаративна анализа за справување со SLAPP во регионот на Западен Балкан и ЕУ vis-à-vis Северна Македонија". Анализата има за цел, преку споредба на најновите правни реформи и иницијативи насочени кон справување со SLAPP во Европската унија и во земјите од регионот, да придонесе кон изготвување на јасен анти – SLAPP патоказ за Северна Македонија, во согласност со европските стандарди и најдобрите практики развиени во рамки на Европската унија и Советот на Европа.

Документот е достапен на следниов линк

За презентација на документот за политики на тема „Компаративна анализа за справување со SLAPP во регионот на Западен Балкан и ЕУ vis-à-vis Северна Македонија”, беше организиран посебен форум во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на месец ноември.

## Проект: Младите жени против онлајн насилството (Young women Counter)

**Донатор**: Европска Унија

**Буџет**: 155.048,35 евра

**Име на апликант и ко-апликант**: Здружението на граѓани Иницијатива за европска перспектива – ИЕП, како носител, во соработка со Здружение на граѓани Заеднички вредности

**Општа цел:** Придонесување кон зголемена заштита на правата на младите жени во Северна Македонија

**Специфична цел:** Промоција на граѓанска платформа за заштита на младите жени од сајбер (онлајн) насилство

**Таргет групи:** Млади жени/девојки на возраст од 15-29 години, училишта и други образовни ентитиети, граѓански организации, младински активисти и младински совети и јавните власти

**Времетраење**: 1 јануари 2025 - 31 декември 2026

Овој проект се фокусира на решавање на сериозниот проблем на родово-базирано онлајн-насилство што ги таргетира младите жени на возраст од 15 до 29 години во С. Македонија. Проектот има за цел да ја зајакне законската рамка, да ја подигне јавната свест и да развие механизми за поддршка за создавање на побезбедна дигитална средина.

Како прва активност на овој проект беше подготовка на Анализа на состојбата со родово-базирано онлајн насилство, за да се разгледаат постојните закони, стратегии и акциски планови поврзани со насилство врз жените, семејно насилство, малтретирање и насилен екстремизам, со цел да се идентификуваат празнини, преклопувања и усогласување со рамките на ЕУ и меѓународните рамки. Исто така врз основа на дизајнирани и спроведени онлајн анкети базирани на прашалници, испратени до активисти на граѓански организации и психолози кои работат со жртви, беа собрани дополнителни информации за потребите на анализата.

Анализата е достапна на следниов линк

Потоа следуваа информативни сесии во 10 средни училишта во земјата за родово базираното сајбер насилство, каде активно беа вклучени ученици, професори и претставници на стручните служби од училиштата. Целта на работилниците и информативните настани беше да се пренесат информации за појавите на сајбер насилство врз основа на пол, како да се препознае и пријави такво однесување, како и каде да се побара (правна, психолошка, сајбер безбедност) поддршка.





Исто така беа спроведени 10 работилници со граѓански организации од Скопје, Куманово, Штип и Струмица за унапредување на нивниот капацитетот, знаење и препознавање на феноменот на сајбер насилство.



Во тек е подготовка на Документ за политики за регулаторни и заштитни механизми против родово базирано сајбер насилство. Овој Документ на политики ќе биде презентиран на форум кој ќе се одржи во Скопје во кој учество ќе земат претставници од државните органи, експерти во областа, граѓански организации и други национални тела кои работат на полето на превенција и заштита на жените од секаков вид на насилство.

Предивидена е медиумска кампања за подигање на свеста за сајбер насилството врз млади жени. За таа цел во ноември и декември 2025 година беа снимени кратки видеа (reels).

Првото видео може да го погледнете овде

Второто видео можете да го погледнете овде.

## Проект: Поврзување на региони

**Донатор:** Европска Унија

**Буџет:** 1.016,252.86 евра

**Име на апликант и ко-апликант:** Општина Витија - Косово, Иницијатива за европска перспектива, Општина Гостивар

**Општа цел**: Да придонесе за намалување на загадувањето на животната средина и зголемување на квалитетот на животот на граѓаните во пограничниот регион на Косово и С. Македонија.

**Специфична цел:** Да се намали загадувањето на реките преку заеднички акции за спречување на диви депонии за отпад и создавање предуслови за зелен транспорт на граѓаните.

**Таргет групи:** Локално население на Општина Витиа, Општина Гостивар

**Времетраење:** јануари 2024 – декември 2025

Целта на овој проект е  да придонесеме кон намалување на загадувањето на реките преку заеднички акции за спречување на диви депонии за отпад и создавање предуслови за зелен транспорт на граѓаните.

Со цел да се придонесе кон создавање поодржливи и попогодни урбани средини за живеење, подобрување на благосостојбата на граѓаните и поддршка на глобалните цели за климатска акција, беше изработена на Студија за зазеленување и пошумување во Општина Гостивар.

Студијата може да ја погледнете овде

Во текот на 2025 година беше изработено првото видео (од вкупно планирани две)за подигање на свеста кај граѓаните за значењето на чистиот воздух, чистата вода и здравата почва за квалитетен  живот, но и секојдневните закани од климатските промени, загадувањето и деградацијата на екосистемот .

Видеото може да го погледнете овде

Во рамки на активноста ,,Холистичка кампања за заштита на животната средина во регионот Витиа и Гостивар” се спроведоа работилници со млади со цел да се промовираат одржливи, инклузивни и здрави заедници во урбаните средини. Работилниците  опфатија сесии за: првилно управување со отпад, одржлив развој, влијанието на климатските промени и политики за животна средина.





Освен со младите, спроведени беа и работилници со работници кои работат на полето заштита на животната средина.





## Проект: Рециклирање за позелен Аеродром

**Донатор:** Општина Аеродром

**Буџет:** 23 603 денари

**Име на апликант и ко-апликант:** Иницијатива за европска перспектива

**Општа цел**: Поттикнување поголема вклученост на локалното население во селектирање отпад од пакување (ПЕТ) и правилно користење на машините за рециклирање во општина Аеродром

**Таргет групи:** Учениците и вработените во основните училишта и градинки, како и локалното население во Општина Аеродром.

**Времетраење:** ноември 2024 – февруари 2025

Целта на овој проект е поттикнување поголема вклученост на локалното население во селектирање отпад од пакување (ПЕТ) и правилно користење на машините за рециклирање во Општина Аеродром .

На крајот на 2024 година беше спроведена обука на млади волонтери за правилна селекција на отпад од пакување, со фокус на (ПЕТ) пластика и лименки и користење на машините за рециклирање во општина Аеродром.

По обуката, волонтерите беа распределени во основните училишта и градинки во Општина Аеродром каде има поставено машини за рециклирање . Нивната улога беше да ги поддржат учениците, наставниците, родителите и локалното население во правилното користење на машините за рециклирање.

Исто така врз основа да добиените податоци при имплементирање на проектот се изработи и Анализа за селектирање отпад и користење на машините за рециклирање во Општина Аеродром.

Анализата е достапна овде

Последна планирна активност на овој проект беше активноста „Патот на шишето" каде учениците од Општина Аеродром, имаа едукативна посета на Центарот за рециклирање на ПЕТ, ПП И ПЕ – Гринтех МК, Скопје, која е членка на ГРЕЕН ГРОУП - најголемата групација за рециклажа на пластика во Југоисточна Европа.за рециклирање. Во текот на посетата имаа можност да научат нешто повеќе за начинот на собирање, рециклирање и повторно користиње на отпадот од пластична амбалажа.





**Проект: Дигитално оживување на занаетчиството: Оспособување на младите од руралните средини преку технолошки поттикнати модели на социјални претпријатија**

**Донатор:** Европска Асоцијација за Локална Демократија (ALDA) во рамки на BOOST програмата

**Буџет:** 30.000,00 евра

**Име на апликант и ко-апликант:** Иницијатива за европска перспектива

**Општа цел**: Оживување на културното наследство преку технолошки ориентирано социјално претприемништво, поттикнувајќи одржлив рурален развој

**Специфична цел:**

Оспособување на 30 млади од руралните средини (15 млади жени) со дигитални и претприемачки вештини.

Поддршка за воспоставување на најмалку 3 социјални занаетчиски претпријатија предводени од млади.

Дигитално оживување на традиционалните занаети и нивна промоција преку користење на дигитални алатки.

**Таргет групи:** Млади од 15 до 29 години кои живеат во руралните области на Скопскиот регион, со посебен фокус на млади жени**,** локални занаетчии, особено оние кои практикуваат традиционални занаети.

**Времетраење:** 1 ноември 2025 - 31 октомври 2026